Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Програма за работа на Советот на Општина Кисела Вода**
**за 2024 година**

1. Со ова Решение се објавува Програмата за работа на Советот на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и третата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 декември 2023 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-308/14
12.01.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.10/05 и "Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/08, 02/21), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и третата пленарна седница одржана на 27 декември 2023 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА

Изработувач: Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на општината
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Програмата за работа на Советот се донесува врз основа на член 105, 106 и 107 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кисела Вода, според кој Советот работи по програма која се донесува за една календарска година. Основа за изработка на програмата се работите што се во надлежност на Советот, согласно Законот за локална самоуправа.

## I. ПРОГРАМИ ЗА РАБОТИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕ, ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ, КУЛТУРА, СПОРТ

1. ПРОГРАМА (Н1) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОГРАМА (НА) ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2024 ГОДИНА;
2. ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА (К4) ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО, ПРОГРАМА (КА) ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ) И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ ЗА 2024;
3. ПРОГРАМА (ЛО) - СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2024 ГОДИНА И ПРОГРАМА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ``КИСЕЛА ВОДА ` СКОПЈЕ ` ЗА 2024 ГОДИНА И
4. ПРОГРАМА ОД НАДЛЕЖНОСТ В - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ И ПРОГРАМА В1 - ПРЕДУЧИЛИШНО ВОСПИТУВАЊЕ - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ ЗА 2024 ГОДИНА.

Изработувач: Сектор за образование, предучилишно воспитување, спорт и култура
Предлагач: Градоначалник

5. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ОУ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА;

6. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023/2024 ГОДИНА;
7. УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ “;
8. УСВОЈУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ;
9. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023/2024;
10. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023/2024;
11. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023/2024 И
12. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023/2024;
13. ДОНЕСУВА ПРОПИСИ И АКТИ НА ПРЕДЛОГ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ ДОМ НА КУЛТУРА БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ “ СКОПЈЕ И ЈАВНОТО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ.

Изработувач: Основни училишта, јавни детски градинки, ЈОУ Дом на Култура БИЛЈАНА БЕЛИЧАНЕЦ СКОПЈЕ и ЈКП” КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ на подрачјето на Општина Кисела Вода
Предлагач: Градоначалник

1. **Образложение**: Разгледувањето на извештаите за работа, усвојување на програмите за работа и годишните планови за вработувања на основните училишта и јавните детски градинки, како и извештаите за работа на јавна општинска установа „ ДОМ НА КУЛТУРА Билјана Беличанец СКОПЈЕ “; и Јавното комунално претпријатие “Кисела Вода „ Скопје, е согласно ингеренциите на Градоначалникот и Советот на Општината, а врз основа на Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за административни службеници, Законот за локална самоуправа, како и статутите на Јавна општинска установа „ ДОМ НА КУЛТУРА Билјана Беличанец Скопје, и Јавното комунално претпријатие “Кисела Вода „ Скопје.

2. РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УЧИЛИШНИ ОДБОРИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.
3. РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА.
4. РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИ И НАДЗОРНИ ОДБОРИ ВО ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА Билјана

Беличанец СКОПЈЕ И ЈАВНО комунално ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ.

Изработувач: Комисија за мандатни прашања, избори, именувања и разрешувања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Разрешувањето и именувањето членови на училишни/управни одбори во основните училишта и градинки на подрачје на Општина Кисела Вода, е во согласност со ингеренциите на Гардоначалникот и Советот на општината кои произлегуваат од Законот за основно образование, Законот за заштита на децата, Законот за локална самоуправа, како и статутите на Јавна општинска установа „ДОМ НА КУЛТУРА Билјана Беличанец “ “ Скопје и Јавното комунално претпријатие “Кисела Вода „ Скопје.

## II. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ДРУГИ АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕ И БУЏЕТ

1. ПРЕДЛОГ - ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА (15 МАРТ 2024 ГОДИНА), СО ЗАВРШНИ СМЕТКИ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА, ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, КАКО И НА ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА „ДОМ НА КУЛТУРА Билјана Беличанец “ СКОПЈЕ И ЈАВНОТО комунално ПРЕТПРИЈАТИЕ “КИСЕЛА ВОДА „ СКОПЈЕ.
2. КВАРТАЛНИ ИЗВЕШТАИ
   - КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА
     - ОКТОМВРИ - ДЕКЕМВРИ 2023 ГОДИНА
     - ЈАНУАРИ-МАРТ 2024 ГОДИНА -
     - АПРИЛ-ЈУНИ 2024 ГОДИНА
     - ЈУЛИ - СЕПТЕМВРИ 2024 ГОДИНА
3. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ КОИ ПРОИЗЛЕГУВААТ ОД БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА 2024 ГОДИНА
4. ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА - РЕБАЛАНС НА БУЏЕТОТ ЗА 2024 ГОДИНА
5. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА И ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА
6. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

**Образложение**: Изготвувањето и донесување на Завршната сметка на Буџетот на Општина Кисела Вода за 2023 година е законска обврска што произлегува од Законот за буџетите. Завршната сметка се изготвува согласно класификацијата на трошоците.
Кварталните извештаи се обврска кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа и Законот за буџетите, со што се овозможува Советот на општината континуирано да се запознава со реализацијата на Буџетот на општината.

Буџетот и Одлуката за извршување на Буџетот, како основни акти и услов за финансирање на општината во тековната година, се донесуваат врз основа на Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Изработувач: Сектор за финансиски прашања
Предлагач: Градоначалник

## III. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ ВО ЗЕМЈАТА И НАДВОР ОД НЕА

1. Соработка и збратимување со локални самоуправи од земјата
   а) Размена на искуства помеѓу различните локални самоуправи
   б) Збратимување со разни локални самоуправи во земјата
   в) Размена на искуства за разни комунални проблеми со локални самоуправи надвор од земјата
   г) Збратимување со разни локални самоуправи од други земји

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување меѓународна соработка, е надлежноста на Советот предвидена во Законот за локална самоуправа.

Изработувач: Општинска администрација
Предлагач: Градоначалник

## IV. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

1. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА Г1 - ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ СО ПОДПРОГРАМА ГДО – ПРОЕКТИ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА;
2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ И ДРУГИ ПРОПИСИ ЗА ПОДДРШКА НА АПЛИЦИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПРОЕКТИ И ГРАНТОВИ РАСПИШАНИ ОД ВЛАДИНИ И НЕВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ, СО ЦЕЛ УСПЕШНА РЕАЛИЗИЦА НА ПЛАНИРАНИ И НОВИ АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНАТА ВО РАЗЛИЧНИ ОБЛАСТИ;
3. СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА СОГЛАСНО ОПЕЕ (2021-2023);
4. УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2023 ГОДИНА;
5. СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПЕРИОД 2022-2025 ГОДИНА И
6. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на локален економски развој и енергетска ефикасност, е надлежноста на Советот предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за локална самоуправа и Законот за енергетика.

Изработувач: Сектор за локален економски развој
Предлагач: Градоначалник

## V. МЕСНА САМУПРАВА И СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ИНТЕРЕС НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

1. ПРОГРАМА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ) – (ДАО) - ПОДПРОГРАМА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА – ТЕКОВНО ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ (Д1О) НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА
2. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ ЗА СОРАБОТКА СО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ПОМАГАЊЕ НА НИВНОТО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО РАМКИ НА МОЖНОСТИТЕ, СОГЛАСНО ПРОГРАМАТА ОД ТОЧКА 1.

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на остварување соработка со здруженија на граѓани и фондации на подрачјето на Општина Кисела Вода, е надлежноста на Советот предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за здруженија на граѓани и фондации, кој предвидува можност за финансирање на здруженијата на граѓани и фондации, покрај од останати извори и од Буџетот на единиците на локална самоуправа, за што одлучува Советот на општината.

Изработувач: Сектор за месна самоуправа и социјална заштита
Предлагач: Градоначалник

## VI. КОМУНАЛНИ РАБОТИ, ИНФРАСТРУКТУРА, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

1. ПРОГРАМА (Ј) – КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА:

**Подпрограми**
Ј00 – Одржување на урбана опрема
Ј30 – Јавно осветлување
Ј40 – Јавна чистота
Ј60 – Одржување и заштита на локални патишта и улици
Ј80 – Други комунални услуги
ЈА0 – Изградба на јавно осветлување
ЈД0 – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици
ЈЕ0 – Изградба на простор за паркирање
ЈФ0 – Изградба на сообраќајна сигнализација
ЈГ0 – Изградба на системи за водоснабдување
ЈИ0 –Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води
ЈМ0 –Паркови и зеленило /капитални расходи/
ЈН0 – Урбана опрема/капитални расходи/

2. ПРОГРАМА (Р) ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДА НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА

**Подпрограми**
Р 10 - Заштита на животната средина и природа
Р А - Заштита на животната средина и природа (Капитални расходи)

3. ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ВО 2024 ГОДИНА И
4. ИЗМЕНА НА ДОНЕСЕНИ АКТИ И ПРОГРАМИ СО ЦЕЛ УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ ВО ЗАКОНСКИТЕ ОДРЕДБИ

**Образложение**: Разгледувањето и усвојувањето на програмите за работа за реализирање на програмите за работа на Секторот за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина е согласно ингеренциите на Градоначалникот и на Советот на Општината од Законот за локална самоуправа, Закон за животна средина и Законот за заштита на населението од заразни болести.

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за комунални работи, инфраструктура, сообраќај и заштита на животната средина

ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

## VII. УРБАНИЗАМ И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

1. ПРОГРАМА (Ф) УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА

**Подпрограми**
Ф1 - Урбанистичко планирање, приоритетна изработка на урбанистички планови и урбанистичко планирање за вклопување на бесправно изградените објекти
Ф10 - Утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобрение за поставување на урбана опрема територијата на Општина Кисела Вода
Ф2 - Подпрограма за работа во областа на располагање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Кисела Вода
ФА - Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)

2. ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ИЗМЕНА НА ВЕЌЕ ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
3. ОДЛУКИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЕСПРАВНИ ОБЈЕКТИ ЗА КОИ МОЖЕ /НЕ МОЖЕ ДА СЕ ИЗВРШИ ВКЛОПУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ВО УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ВО ДЕТАЛНИТЕ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
4. ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОПИСИ И АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИЗМОТ И ПРОСТОРНОТО ПЛАНИРАЊЕ

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за урбанизам и

просторно планирање
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалникот

**Образложение:** Основот за донесување на акти на Советот, во насока на урбанистичко и просторно планирање, е надлежност на Градоначалникот и на Советот на општината предвидена во Статутот на Општина Кисела Вода и истата е во согласност со Законот за локална самоуправа и Законот за просторно и урбанистичко планирање. Во Законот за постапување со бесправно изградени објекти и Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистико планска документација, за да се овозможи завршување на постапките за легализација на конкретните бесправно изградени објекти, поточно издавање на Решение за утврдување на правен статус на истите, потребно е донесување на одлука од Советот на општината, на предлог на Градоначалникот преку надлежниот Сектор за урбанизам и просторно планирање на Општина Кисела Вода.

## VIII. АКТИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, ЗА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНАТА ОД ОБЛАСТА НА ОДБАРАНАТА ВО ВОЕНА СОСТОЈБА, ЗА ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ И ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

1. ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ ДОБРА ЗА 2024 ГОДИНА;
2. ПРОГРАМА ЗА НАЧИНОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ОБВРСКИТЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ОД ОБЛАСТА НА ОДБРАНАТА ВО 2024 ГОДИНА;

ИЗГОТВУВАЧ:Сектор за човечки ресурси и
информатичка технологија,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение:** Согласно Законот за заштита и спасување, како надлежност на единиците на локалната самоуправа се предвидени активности заради имплементација на овој закон и акти за формирање на просторните сили за заштита и спасување кои се формираат за дејствување на подрачјето на општината, како и согласно Статутот на Општина Кисела Вода.

3. УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА РАБОТА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ ДРАЧЕВО И КИСЕЛА ВОДА;
4. ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ЛИЦА КОИ ЌЕ РАКОВОДАТ СО ПОЛИЦИСКИТЕ СТАНИЦИ ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ ДРАЧЕВО И КИСЕЛА ВОДА;

ИЗГОТВУВАЧ/ПРЕДЛАГАЧ: Командир на ПСОН Драчево и Кисела Вода и
Министерство за внатрешни работи

**Образложение:** Согласно Законот за локална самоуправа и Законот за полиција, како надлежност на Советот на општината е предвидена и надлежноста за усвојување на

годишен извештај за јавна безбедност на подрачјето на општината и избор на лица кои ќе раководат со полициските станици од општа надлежност Драчево и Кисела Вода.

**5.** ПРОГРАМА ( Џ 10) ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА 2024 ГОДИНА

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

**Образложение**: Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за 2024 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

**IX.** ДОНЕСУВАЊЕ НА ОПШТИ И ПОЕДИНЕЧНИ АКТИ ОД ДЕЛОКРУГОТ НА РАБОТАТА НА ОПШТИНАТА И ОРГАНИЗАЦИЈА, ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

ИЗГОТВУВАЧ: Општинска администрација,
ПРЕДЛАГАЧ: Градоначалник

2.Советот на Општина Кисела Вода во случај на потреба може да ја менува и дополнува оваа програма.

3.Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 09-11002/16
27 декември 2023 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.